**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

Врз основа на член 41 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје и донесената Одлука на 218-та седница на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје, одржана на 24.09.2024 година, за свикување на 64-та седница на Собранието на акционери, Одборот на директори на

**ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД, СКОПЈЕ**

**Објавува**

**П О В И К**
**до акционерите за учество на Собрание на акционери на Друштвото**

Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје ќе се одржи на ден 29.10.2024 година (вторник) со почеток во 09,00 часот во седиштето на Триглав Осигурување АД, Скопје, бул.„8-ми Септември" бр.16 со следниот

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

**I. Процедурален дел:**
1. Избор на претседавач на Собранието и
2. Избор на бројачи на гласови.

**II. Работен дел:**
1. Донесување на Одлука за измена на Статутот на Друштвото;
2. Донесување на Одлука за избор на независен неизвршен член на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје и
3. Донесување на Одлука за назначување на Друштво за ревизија на финансиските извештаи на Триглав Осигурување АД, Скопје за 2024 година.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието. Секој акционер кој има намера да учествува на седницата на Собранието на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество) најдоцна пред почетокот на Седницата на закажаното Собрание. Пријавите да се достават на адреса бул.„8-ми Септември" бр.16, 1000 Скопје, до Службата за правни и корпоративни работи. Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието на еден од следниве начини:
- со потпишување на писмено полномошно заверено на нотар;
- со давање на полномошно во писмена форма, без обврска да се завери полномошното на нотар, при што акционерот е должен писмено да го извести Друштвото за даденото полномошно и да достави доказ за неговиот личен идентитет. Обрасците за давање на полномошно во писмена форма се достапни за преземање на интернет страницата на Друштвото;
- со овластување на полномошниците по електронски пат на следната електронска адреса: osig@triglav.mk.

Секој акционер има право да предложи точки на дневен ред и да предложи усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред, најдоцна во рок од осум дена од денот на објавување на повикот. Постапката за предлагање на нови точки на дневен ред, предлагање на одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред и начинот на поставување на прашања за точките од дневниот ред се објавени на интернет страницата на Друштвото.
Акционерите можат да гласаат со коресподенција со испраќање пополнет образец  кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна на 28.10.2024 година, до 16:00 часот. Заедно со образецот за гласање акционерот е должен да достави и документација за утврдување на идентитетот на акционерот. Образецот за гласање со кореспонденција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет страницата на Друштвото: www.triglav.mk.
Материјалите за седницата на Собранието на акционери на Друштвото се достапни на акционерите од денот на објавување на повикот, секој работен ден од 09-14 часот на приемната рецепција на прв кат во деловната зграда ХИПЕРИУМ, на бул. .„8-ми Септември" бр.16, 1000 Скопје и на интернет страницата на друштвото: www.triglav.mk.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 290/20, 215/21 и 99/22) и член 154 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, а во врска со член 39 став 1 точка 1 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје на својата 64 седница одржана на ден 29.10.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена на Статутот на Друштвото**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје чиј што пречистен текст е утврден од Одборот на директори на 191-та седница одржана на ден 22.07.2022 година.

**Член 2**

Во член 62 став 2 се менува и гласи:
„Одборот на директори на Друштвото брои осум (8) членови.“

Став 4 се менува и гласи:
„Од вкупниот број на членови во Одборот на директори, три (3) неизвршни членови се независни членови на Одборот на директори.“

**Член 3**

Член 158 се менува и гласи:
„Со влегување во сила на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот утврден од Одборот на директори на 191-та седница одржана на ден 22.07.2022 година.“

**Член 4**

Се овластува Одборот на директори да утврди пречистен текст на Статутот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО

____________________________

triglav

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ**

Измената на Статутот е во насока на промена на бројот на членови на Одборот на директори на начин што се предвидува Одборот на директори да брои осум (8) членови, така што од вкупниот број на членови на Одборот на директори се предвидува три (3) неизвршни членови да бидат независни членови на Одборот на директори.

Овие измени имаат за цел придржување на Триглав Осигурување АД, Скопје кон добрите корпоративни пракси на друштвата со едностепен систем на управување, како и поголем надзор над водењето на работењето на Друштвото.

ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО

_______________________

Триглав Осигурување АД, Скопје

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 39 став 1 точка 3 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, Собранието на акционери на својата 64 седница, одржана на ден 29.10.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на независен неизвршен член на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје**

**Член 1**

За независен неизвршен член на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје се избира **г-дин Матеј Нарат**, со адреса на живеење на ул. Љубљанска бр.13Д, 1236 Трзин, Словенија, по професија магистер по економија.

**Член 2**

Мандатот на новоизбраниот независен неизвршен член на Одборот на директори трае четири години, почнувајќи од 29.10.2024 година.

**Член 3**

Другите членови на Одборот на директори продолжуваат со својата работа во Одборот на директори со постојниот мандат.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОБРАНИЕТО

____________________

**МАТЕЈ НАРАТ**
**ЉУБЉАНСКА 13 Д, 1236 ТРЗИН, СЛОВЕНИЈА**
**Е-ПОШТА: MATEJ.NARAT@SAVA.SI**

---

## Професионален во финансии (банкарство, M&A) и угостителска индустрија

### <u>РЕЗИМЕ НА КВАЛИФИКАЦИИ</u>

Повеќе од 30 години менаџерски искуства, 20+ во банкарскиот сектор, повеќе од 12 години во угостителство/хотелиерска индустрија и реструктуирање на компании. Имам искуство во планирање на долгорочната стратегија за развој на компанијата, во координација и контрола на спроведувањето на стратегијата на компанијата, во управување и претставување на компанијата, во донесување на сите општи одлуки за водење на деловниот процес.

Запознаен сум со многу аспекти на бизнис менаџмент, со одлични лидерски и комуникациски вештини.

---

### <u>ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО</u>

**Сава а.д., Љубљана** **(2016-во моментот)**
***Виш советник на Управниот одбор и член на Надзорниот одбор***

Главни задачи и компетенции:

- Подготовка и имплементација на понатамошен развој на стратешки инвестиции во туризмот
- Менаџирање, организирање и координирање на работата на Управниот одбор на Сава а.д. и компанијата Сава туризам а.д.
- Формулирање, спроведување и обединување на деловните политики на компаниите на Групацијата
- Имплементација на планот за реструктуирање на Сава а.д. и Сава Групацијата во најголемата туристичка групација во Словенија. Реструктуирањето вклучуваше големо распуштање на не стратешки финансиски инвестиции и консолидација на стратешки инвестиции во туризмот, вклучувајќи и дополнително преземање на хотелите Бернардин

**Сава а.д., Љубљана** **(2011-2016)**

***Претседател на Управниот одбор и член на Надзорниот одбор на Сава туризам а.д.***

Главни задачи и компетенции:

- Развој на деловно и финансиско реструктуирање на компанијата Сава а.д. и Сава Групацијата
- Подготовка и имплементација на развојната Стратегија на Сава Бизнис Групацијата и компанијата Сава а.д.
- Менаџирање на трансформацијата на Сава Групацијата во најголема туристичка групација во Словенија

**НЛБ банка  а.д., Љубљана**

**Советник на Управниот одбор** **2009 - 2011**

**Член на Управниот одбор** **2002 - 2009**

Главни задачи и компетенции:

- Одржување и развивање на односи со најголемите словенечки корпоративни клиенти
- Извршување на комерцијален план за малопродажба и корпоративна индустрија
- Одговорен за трезор, меѓународен бизнис и Forex

**СКБ банка а.д., Љубљана**

**Извршен директор** **2000 – 2002**

Главни задачи и компетенции:

- Одржување и развивање на односи со најголемите словенечки корпоративни клиенти

**Студио Маркетинг д.о.о., Љубљана**

**Главен извршен директор** **1998 – 2000**

Главни задачи и компетенции:

- Менаџирање и координирање на финансиското реструктуирање на најстарата агенција за рекламирање во Словенија

**Фактор банка а.д., Љубљана**

**Шеф на трезор** **1995 – 1998**

Главни задачи и компетенции:

- Одговорен за менаџирање со ликвидноста, депозитите и емисиите на обврзници на мала банка во приватна сопственост.

**Економски факултет, Љубљана**

**Асистент професор, Банкарство и Финансии** **1991 - 1995**

Главни задачи и компетенции:

- Предавање и помагање во курсеви за лидери за банкарство и финансии

## Формално Образование

**Економски факултет, Универзитет во Љубљана** **1996**

- **Магистер по науки** – банкарство и финансии

**Економски факултет, Универзитет во Љубљана** **1992**

- **Дипломиран економист**

**Универзитет во Бристол, Бристол, Обединето Кралство** **1995**
**Училиште за бизнис во Индијана, САД** **1990-1991**

## Обуки и Едукација

**Уверение од Здружението на супервизори на Словенија (АСС)** **2022**

Запишување на сертификатот ZNS во Регистарот на иматели на сертификати ZNS (www.zdruzenje-ns.si)

**АСС едукациски програм "Стандардни вештини за супервизори"** **2021**

- добивање на Уверение за компетентност за членови на надзорни и управни одбори; продлабочување на знаењата во областите на трговско право, системи на управување и контрола, сметководство, управување со ризик, комуникација, соработка со ревизори, деловна етика
- **Разновидност и вклучување** **2021**

| МАЈЧИН ЈАЗИК | Словенечки | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| ДРУГИ ЈАЗИЦИ | РАЗБИРАЊЕ | | ЗБОРУВАЊЕ | | ПИШУВАЊЕ |
| | СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | ГОВОРНО РАЗБИРАЊЕ | ГОВОРНА КОМУНИКАЦИЈА | |
| Англиски | C1 | C1 | C1 | C1 | C1 |
| Германски | A1 | A1 | A2 | A2 | A2 |
| Хрватски | C1 | C1 | C2 | C2 | C2 |
| Италијански | A2 | A2 | A1 | A1 | A2 |
| | НИВО: A1/A2: ОСНОВЕН КОРИСНИК - B1/B2: НЕЗАВИСЕН КОРИСНИК - C1/C2: ВЕШТ КОРИСНИК | | | | |

| | |
|---|---|
| КОМПЕТЕНЦИИ | • доследност во дејствијата,<br>• способност за идентификување можности/проблеми, планирање и ефективна имплементација на решенија,<br>• приспособливост и снаодливост во ситуации кои брзо се менуваат,<br>• ориентација кон резултати и одговорност за одржување на договорите,<br>• екстровертност-отвореност, дружељубивост,<br>• способност за високо мотивирање на членовите на тимот |

## Дополнителни Информации

## Членство во Надзорни одбори

- Претседател на НО во Тутунска банка АД, Скопје 2003-2009
- Член на НО во Меркатор а.д., Љубљана 1999-2002
- Член во Сава туризам а.д., Љубљана 2011-во моментот
- и многу други во текот на годините…

## Лично и Хоби

Имам интерес за: велосипедизам, планинарење, патување, било какви активности на отворено со моите внуци.

Триглав Осигурување АД, Скопје

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 383 став 1 точка 8 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 290/20, 215/21 и 99/22) и член 39 став 1 точка 8 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје, на својата 64 седница одржана на ден 29.10.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за назначување на Друштво за ревизија на финансиските извештаи на Триглав Осигурување АД, Скопје за 2024 година**

**Член 1**

За вршење на ревизија на финансиските извештаи на Триглав Осигурување АД, Скопје за 2024 година се назначува Ревизорската куќа Мазарс Ревизија ДОО Скопје.

**Член 2**

Се овластуваат извршните членови на Одборот на директори да склучат посебен пишан договор со ревизорската куќа од член 1 од оваа одлука, со кој ќе бидат утврдени сите прашања во врска со вршењето на ревизијата на годишните финансиски извештаи на Триглав Осигурување АД, Скопје за 2024 година.

**Член 3**

Се задолжува Службата за правни и корпоративни работи да ја поднесе оваа одлука и сите потребни документи до Агенцијата за супервизија на осигурување за добивање на согласност.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на добивање на согласност на Друштвото за ревизија од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**

____________________